**УНИВЕРЗИТЕТОТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ" ВО СКОПЈЕ**
**објавува**

# КОНКУРС

**за студентски мобилности во рамки на програмата ЕРАЗМУС+**

**АКЦИЈА 1: ИНДИВИДУАЛНА МОБИЛНОСТ ЗА СТУДЕНТИ**

**за летниот семестар во академската 2026/2027 година**

Во рамки на програмата **ЕРАЗМУС+ КА131** на Европската комисија, Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје распишува конкурс за доделување стипендии за **индивидуална мобилност за студенти** на високообразовните институции **во програмските држави:**

- државите членки на ЕУ
- државите членки на ЕФТА кои се и членки на ЕЕО (Норвешка, Исланд и Лихтенштајн)
- Република Србија и Република Турција

Конкурсот се однесува на студентски мобилности за студирање и студентски мобилности за пракса/стажирање.

## Времетраење на мобилноста

1. Студентска мобилност за студирање

- за студенти од сите три циклуси: еден семестар (летен семестар)
- за студенти од трет циклус е можна и кратка форма на мобилност од 5 до 30 дена

2. Студенстка мобилност за пракса/стажирање

- за студенти од сите три циклуси: минимум 2 месеци, максимум 4 месеци
- за студенти од трет циклус е можна и кратка форма на мобилност од 5 до 30 дена

Согласно правилата на Еразмус+ програмата студентите можат да реализираат вкупна физичка мобилност (мобилност за студирање, мобилност за пракса или комбинирана мобилност) од максимум 12 месеци во текот на **еден студиски циклус**. Но, поради ограничениот број на мобилности на годишно ниво, а со цел поголем број на студенти да бидат вклучени во овие форми на мобилност, во процесот на селекцијата предност ќе имаат кандидатите кои претходно не користеле Еразмус+ стипендија.

## Право на пријавување

Редовни студенти на

- прв циклус студии, со најмалку завршена прва година на студии, односно запишан трет семестар
- втор циклус студии
- трет циклус студии

Мобилноста се остварува во рамки на потпишани Еразмус+ договори меѓу УКИМ и високообразовни институции во програмските држави. (***Види* листа на Еразмус+ договори**)

Странските државјани треба да имаат регулиран престој во Република Северна Македонија и денарска сметка во банка.

## Потребни документи за мобилност на студенти

Сите документи за аплицирање се достапни на интернет-страната на Универзитетот Меѓународна соработка- ERASMUS+ или интернет-страната на факултетот:

- пополнет формулар за пријавување (Student Application Form);
- уверение за положени испити на македонски јазик;
- уверение/диплома за познавање на англиски јазик или јазикот на кој се изведува наставата на ЕУ универзитетот издадена од признат центар/школа за странски јазици;
- уверение за редовен студент - запишан семестар/година (на македонски јазик);
- кратка биографија (Europass model).
- мотивациско писмо

Задолжително:

за студентска мобилност за студирање:

- **договор за студирање** (Learning Agreement for studies) во кој се утврдува програмата за студирање, потпишана и одобрена од страна на студентот, матичниот факултет/Еразмус+ координаторот и факултетот во странство (минимум 20 ЕКТС- максимум 30ЕКТС)

за студентска мобилност за пракса/стажирање**:**

- **договор за пракса/стажирање** (Learning Agreement for Traineeship)
- **покана** (Invitation Letter) од институцијата/организацијата/компанија/претпријатие) во која ќе се одвива праксата/стажирањето

Кандидатите за студентска мобилност за студирање лично ја поднесуваат апликацијата **во три примерока** до Еразмус+ координаторот на факултетот/институтот каде што студираат, најдоцна **до 2 октомври 2026 година.**

Кандидатите за студентска мобилност за пракса/стажирање **од Медицннскиот факултет** лично ја поднесуваат апликацијата **во три примерока** до Еразмус+ координаторот на факултетот/институтот каде што студираат, најдоцна **до 2 октомври 2026 година.**

Кандидатите за студентска мобилност за пракса/стажирање лично ја поднесуваат апликацијата **во три примерока** до Еразмус+ координаторот на факултетот/институтот каде што студираат, најдоцна **до 30 октомври 2026 година.**

*(Еден примерок за Еразмус+ корлдинаторот, еден примерок задржува студентот и еден примерок се доставува до Ректоратот на УКИМ)*

(***Види* листа на Еразмус+ координатори по факултети**).

**Селекција на кандидатите**

Првичната селекција/рангирање на кандидатите ја прави факултетот/институтот согласно следниве критериуми:

- академски успех
- познавање на англиски јазик или јазикот на кој се изведува наставата
- мотивација за реализирање на Еразмус+ мобилност

Согласно Еразмус повелбата за високо образование 2021-2027, при селекцијата на кандидатите ќе се води сметка за вклучување на **студентите со посебни потреби и помалку можности** (***Види* Инклузија (поддршка) на студенти со посебни потреби и помалку можности**)

Краен рок за поднесување на **рангираните апликации** - студентска мобилност за студирање од страна на факултетите/институтите до Ректоратот е **9 октомври 2026 година.**

Краен рок за поднесување на **рангираните апликации** - студентска мобилност за пракса/стажирање од **страна на Медицинскиот факултет** до Ректоратот е **9 октомври 2026 година.**

Краен рок за поднесување на **рангираните апликации** - студентска мобилност за пракса/стажирање од страна на факултетите/институтите до Ректоратот е **6 ноември 2026 година.**

Висината на стипендијата/грант за студентите изнесува 606-674 ЕУР месечно, согласно земјата во која се престојува, види: (*Листа за студирање*) (*Листа за пракса*).

Патните трошоци и здравственото осигурување ги покриваат лично студентите.

**УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ" ВО СКОПЈ**